# *Услуги за луѓе со попречености*



Merri Community Health Services

## Услуги за луѓе со попречености

Merri Community Health Services се стреми да го унапреди вклучувањето и учеството во заедницата на лица со попречености.

Цел на службата е на флексибилен и одговорен начин да им помогне на луѓето со попречености да ги развијат до максимум нивниот избор и самостојност.

Ние се стремиме да им овозможиме на луѓето со попречености да имаат пристап кон услугите во нивната локална заедница и да одгледуваат партнерства и координација со други локални служби.

## Водење на случај

Цел на услугите на водење на случај (case management) е да им се даде поддршка на помлади лица со попречености и на стари луѓе со кревко здравје да останат да живеат во нивните домови. Во соработка со лицето и со неговиот негувател, службеникот задолжен за водење на случајот (case manager) координира и набавува низа услуги како што се починка (respite), лична нега и превоз, заради промовирање на самостојноста, физичкото здравје и емоционалната добросостојба на лицето.

За повеќе информации телефонирајте на Commonwealth Respite and Carelink Centre / CarerLinks North на 1800 052 222 или (03) 9495 2500.

## Групи за активности

Програмите на активности имаат за цел да им помогнат на постарите луѓе и на луѓето со попречености да останат здрави и активни преку ангажирање во интересни и забавни групни активности. Активностите вклучуваат физичко вежбање (како тај чи и пешачење), сесии по уметност и ракотворби, градинарство и групи за дискусија за начините за подобрување на здравјето и добросостојбата. Постојат низа активности приспособени на индивидуалните потреби и интересирања на луѓето, на пример посебни културни групи, клубови на читатели и групи за излегување.

Со програмите на активности се стапува во врска преку приемната служба на (03) 9388 9933..



## Commonwealth Respite and Carelink Centre / CarerLinks North

Овие заеднички лоцирани служби што ги води Merri Community Health Services даваат бесплатни информации и помош на негуватели и на поширокапа заедница во северното градско подрачје на Мелбурн (што ги опфаќа општините Бањуле, Даребин, Хјум, Морленд, Ниламбик, Витлси и Јара).

- Carelink е информативна служба чија намена е да им помогне на луѓето да живеат самостојно во нивните домови
- Нашите услуги за негуватели опфаќаат поддршка, советување и практична помош во наоѓањето и резервирањето починка (respite). На располагање се средства за набавка на услуги на починка кои не може да се добијат преку редовните даватели на услуги. Работници за информации и реагирање се на располагање заради процена и излегување во пресрет на потребите на негувателите. Исто така е на располагање пристап кон итна починка (emergency respite) по работно време. Специјализираните услуги вклучуваат: :
  - Програмата за млади негуватели им дава поддршка на негуватели помлади од 25 години, особено на тие кои уште се во училиште
  - Програмата за починка за ментално здравје им дава поддршка на негуватели на лица од сите возрасни со ментална болест
  - Програмата за поддршка и планирање на постари семејства им дава поддршка на постари негуватели на луѓе со доживотна попреченост
  - Програмата за починка за попреченост Pathways им дава поддршка на негуватели на деца и возрасни со попречености
- Службата исто така работи на развивањето, подобрувањето и поддршката на услугите за починка во регионот.

До овие услуги може да се дојде со телефонирање на 1800 052 222* или (03) 9495 2500 – преку овие броеви е на располагање и 24-часовна итна починка.

*Бесплатни повици од фиксни телефони. Повици од мобилни телефони по тарифа на телефонската компанија.

## Interchange North West

Interchange North West обезбедува рекреативни активности за деца и млади луѓе со попречености.

- Рекреативната програма нуди низа забавни активности во заедницата, вклучувајќи младински групи базирани врз возраста и способноста, програми за време на училишни распусти и кампувања
- Оваа услуга е на располагање на семејства со деца и млади возрасни лица со попречености кои живеат во општините Морленд и Хјум.
- За повеќе информации телефонирајте на Commonwealth Respite and Carelink Centre / CarerLinks North на 1800 052 222.

## Програма за меѓучовечки односи за млади луѓе со специјални потреби

Програмата за меѓучовечки односи обезбедува иновативни образовни групни сесии за млади луѓе на возраст од 18 до 25 години со интелектуални и/или учебни попречености. Осумнеделни програми се одржуваат во редовни средни и основни училишта, во специјални училишта, во специјални училишта за развој, дневни програми и други поставки во заедницата. Merri Community Health Services ја обезбедува оваа програма во 14 општини во северозападниот регион на Мелбурн.

## Allied Health

Програмата на услуги на Allied Health во Merri Community Health Services нуди низа услуги на поединци и групи заради поддршка на членовите на нашата заедница да го одржуваат здравјето и добросостојбата. Информации за следните услуги може да се добијат од приемниот тим на: (03) 9388 9933.

### Образование за дијабетес

Програма што пружа образование и совети за справување со дијабетесот и им помага на луѓето да го разберат дијабетесот и да водат информиран начин на живот и избор на лекување.

### Диететика

Службата за диететика нуди нутриционистичка процена, совети и информации за диететските потреби во врска со здравствени состојби.

### Болничарска грижа

Комуналната медицинска сестра тесно соработува со поединци во заедницата, заради процена и справување со низа здравствени состојби.

### Ерготерапија

Службата за ерготерапија (occupational therapy) пружа процена и совети за да им помогне на луѓето да постигнат максимална самостојност во нивните домови. Ерготерапевтот (occupational therapist) може да препорача опрема и/или приспособувања на околината за да им овозможи на клиентот и на негувателот да ги извршуваат нивните секојдневни активности.

### Физиотерапија

Физиотерапевтите проценуваат и лекуваат поединци по заболувања или повреди на нивните мускули или зглобови. Физиотерапевтите работат со клиенти и нудат низа услуги вклучувајќи вежби заради справување со нивните повреди и подобрување на функционирањето со цел постигнување најдобри можни резултати.

### Подијатрија

Подијатрите се квалификувани здравствени професионалци обучени за превенција, дијагностицирање, лекување и рехабилитација на состојби на стапалата и нозете.

### Логопедија

Логопедите (speech pathologists) вршат процена и се справуваат со низа тешкотии во комуницирањето и голтањето.

### Програма Living Well

Програмата Living Well Program е услуга чија цел е да им помогне на луѓе со долготрајни здравствени состојби како што се дијабетесот, артритисот или срцевите и белодробните заболувања. Клиентите на програмата Living Well имаат корист од информациите за нивната состојба и за тоа како да се справуваат со неа.

## Програма за индивидуализирано планирање и поддршка

Оваа услуга им помага на луѓето со попречености да ги утврдат нивните индивидуални потреби, цели и стремежи и да ги планираат услугите на поддршка кои се потребни за да им овозможат да живеат исполнет живот во заедницата. Упати за оваа услуга се прават преку Department of Human Services – Disability Client Services Intake and Response на (03) 9412 2741..

## Забарски услуги

Забарски услуги се на располагање на сите клиенти кои имаат важечка здравствена (Health Care Card) или пензиска карта (Pension Card). Листите на чекање за забарски услуги варираат зависно од возраста и забарските потреби на клиентот. За повеќе информации ве молиме телефонирајте на (03) 9387 6711.



За повеќе информации и закажување::

• Телефонска приемна служба на (03) 9388 9933

Merri Community Health Services Limited
Главна канцеларија::
11 Glenlyon Road
Brunswick, VIC 3056

**www.mchs.org.au**

Објавено во ноември 2010

Merri Community Health Services